Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 93, 3 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија” од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ..... 163

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТУРА, УРБАНИЗАМ И ПЛАНИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, по предлог на деканатот, донесе Одлука бр. 2202-247/3 од 17.8.2012 год. за распишување на Конкурс за избор на ***асистент*** за научната област ***архитектура, урбанизам и планирање*** на Факултетот за природни и технички науки во Штип. На 17.8.2012 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2202-247/3 и Решение бр. 2202-247/17 за претседател, 2202-247/18 член и 2202-247/19 член за формирање на Рецензентска комисија за избор на *асистент* за научната област *архитектура, урбанизам и планирање* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип во следниот состав:

– д-р Васка Сандева, доцент за наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, претседател;
– д-р Горан Мијоски, доцент за наставно-научна област градежништво и водостопанство, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, член;
– д-р Катерина Деспот, доцент за наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, член.

На распишаниот Конкурс на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, објавен во дневниот весник „Дневник“ и „Лајм” на 6.7.2012 година, за избор на асистент за научната област *архитектура, урбанизам и планирање*, еден извршител, се пријавија две кандидатки: м-р Александра Димоска и м-р Викторија Мангароска.

Врз основа на приложената документација на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Александра Димоска** е родена на 19 декември 1982 година во Прилеп. Своето основно и средно образование го завршува во М. Каменица. Дипломира и магистрира на Архитектонски факултет при Универзитет по архитектура, градежништво и геодезија во Софија, Р.Бугарија, во 2008 година. На 1 февруари 2012 год. се запишува на докторски студии на Универзитетот по архитектура, градежништво и геодезија во Софија, Р.Бугарија, од научна област архитектура, урбанизам и проектирање на Катедра за архитектура на станбени згради, тема „Просторна организација на станбената архитектура во Скопје по 1963 година”.

***Работно искуство***

Кандидадот има тригодишно работно искуство во процесот на проектирање. Од април 2006 до април 2007 год., стажант во архитектонско студио “Studio Bauhaus”; од април 2007 до април 2009 год., архитект - проектант во архитектонско студио “Studio Bauhaus” и од април 2009 до ноември 2009 год., архитект - проектант во архитектонско студио „Сребрева архитекти“.

Од март 2010 – / помлад асистент на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на Катедра за архитектура и дизајн (Дизајн и технологија на мебел и ентериер, Пејзажно уредување и Просторно планирање и урбанизам) и Градежно инженерство, по предметите: Историја на архитектура, уметност и урбанизам 1; Историја на архитекура, уметност и урбанизам 2; Основи на дизајн; Методи и инструменти на дизајнот; Економика на дизајн; Дизајн на ентериери; Креативни стратегии и иновации во дизајнот, Бои и перцепција, Индустриски дизајн; Елементи на дрвените конструкции; Технологија на тапациран мебел; Конструкции на мебел и ентериер; Историја и теорија на пејзажната уметност, Историја на градовите и нивната архитектура, Дизајн на пејзажот, Урбано планирање и развој, Вовед во градежништво, Градежни материјали 1; Градежни материјали 2; Градежни материјали – основи, Градежни конструкции 1, Градежни конструкции 2 и др.

***Кандидатката има направено две интерни скрипти по предметите:***

1. Методи и инструменти на дизајнот;
2. Историја на архитектура и уметност 1.

***Работилници, обуки, семинари и планери од областа на архитектурата***

- Мај 2002 год., Варна - Заштита на архитектонското наследство под раководство на проф. д-р Михов.
- Октомври 2003 год., Софија - Историја на високите згради – проф. д-р Андрејчин.
- Ноември 2004 год., Софија - Енергоефективна (пасивна) архитектура, проф. д-р А.Писарски.
- Март 2006 год., Варна - Архитектонски конструкции, проф. д-р Ж.Тилев.
- Јануари 2007 год., Софија - Архитекти - ѕвезди - предавање на arh.Norman Foster.
- Работилница BUILDGREEN – 2011, Софија (Сојуз на архитекти).
- Кандидатот учествува и на:
- Sofia Architecture Week , 2009 – центар – Борисова градина:
- XXI International Conference for young researchers, Yondola, Bulgaria;
- XXII International Conference for young researchers, Yondola, Bulgaria.

***Учествува во повеќе апликативни проекти од областа на архитектурата***

1. Основен и идеен проект за фабрика за производство на мебел „Делфос дизајн“, Требич, Софија, Бугарија.
2. Основен и идеен проект на фабрика за производство на кафе, Софија, Бугарија.
3. Основен и идеен проект за фабрика за призводство на керамика, Софија, Бугарија.
4. Основен и идеен проект за станбено-деловен објект Принтком, Димитровград, Бугарија.
5. Основен и идеен проект за станбено-деловен објект Ивонс, Димитровград, Бугарија.
6. Основен и идеен проект за станбено-деловен објект кв. Карпузица, Софија, Бугарија.
7. Основен и идеен проект за станбен комплекс Горна бања , Софија, Бугарија;
8. Основен и идеен проект за станбено-деловен објект Пиротска, Софија, Бугарија.
9. Основен и идеен проект за станбено-деловен комплекс Терастрој , Софија.
10. Основен и идеен проект за деловен објект Никмар, Петрич, Бугарија.
11. Основен и идеен проект за деловен објект кв.Дружба, Софија, Бугарија.
12. Ентериерен проект на хотел Radina's way, Боровец, Бугарија.
13. Реконструкција на централна пешачка зона во централно градско подрачје, Петрич, Бугарија – Проект на Европска фондација за равој.
14. Основен и идеен проект за станбен објект – Fot Residence в гр.Софија.
15. Основен и идеен проект за деловен објект Fot Office Building, Лозенец Софија.
16. Основен и идеен проект за комплекс VEC Simeonovo, Софија.
17. Основен и идеен проект за станбен комплекс Плаза, Студентски град, Софија.
18. Основен и и идеен прокет за Рекреационен комплекс Детелина, Самоков.
19. Основен и идеен проект Хотелски комплекс Ивет – Св. Влас.
20. Основен проект за објект на фотовлтаична централа – Каена Парк – Ветово, Русе.

21. Основен проект за објект на фотовлтаична централа – Радиево Димитровград, Хасково.
22. Основен и идеен проект за Турк мол шопинг центар - Turkmall Shoping Center, Истанбул, Турција.
23. Основен и идеен проект за хотел Four Season Hotel, Истанбул, Турција.
24. Идеен проект за деловен објект – Ирбил, Ирак.

***Учествува во органи на факултет***

– Комисија за изработка на годишен извештај за работа на деканот.
– Уписна комисија – 2012 – 2013 г.
– Задолжение за организирање и водење на евиденција за реализирање на задолжителна пракса за студентите од прва година на Студиската програма за архитектура и дизајн.

***Професионални членства во здруженија***

Кандидатот А.Димоска членува во повеќе професионални здруженија

– Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија;
– Асоцијација на архитекти на Македонија, ААМ;
– International Union of Architects;
– Сојуз на архитекти на Бугарија; САБ.

***Стручни и научни трудови***

1. Александра Димоска, Ана Митаноска, Васка Сандев - Концепт за проектирање на енергоефективен индивидуален станбен објект по принципите на пасивна архитектура, Природни ресурси и технологии, ФПТН-Годишен зборник.
2. Ass. Dr. Trajce Mitev, Prof. dr. Orce Spasovski, Ass.mr Ana Mitanoska, **Ass. Mr Aleksandra Dimoska -** The future-oriented solution designed for decentralized wasetwather treatment and reuse Machines, Technologies, Materrials, International Virtual Jornal, Year VI, issue 3
3. **Aleksandra Dimoska**, Ana Mitanoska, Vaska Sandeva, Katerina Despot, Trajce Mitev - Constructive and shape – forming specifications on macedonian traditional architecture, XX International Conference for Young Researchers.
4. **Aleksandra Dimoska**, Ana Mitanoska, Vaska Sandeva, Katerina Despot, Trajce Mitev - Integration of architectural design in the landscape, XXI International Conference for Young Researchers.
5. Васка Сандева, Катерина Деспот, **Александра Димоска**, Ана Митаноска, Анализа на композицијата и декоративна монументална скулптура во паркот „Могила" – Прилеп; Годишен зборник на ФПТН.
6. V.Sandeva, K.Despot, **A.Dimoska**, A.Mitanoska - Profesion od landscape architects – situation in the Republic of Macedonia and some neighboring countries - XXII International Conference for Young Researchers.
7. Katerina Despot, Vaska Sandeva, **Aleksandra Dimoska**, Ana Mitanoska, Ivica Anastasov: Artistic perception angle between unpaid domestic sanitary landfills children, XXII International Conference for Young Researchers.
8. A.Mitanoska, **A.Dimoska**, V.Sandeva, K.Despot: Evaluation and improvement on bicycle – friendly envioronment in the urban city center in a developed country ( the case of Sapporo, Japan), XXII International Conference for Young Researchers.

Поседува Б- лиценца за проектиње од областа на архитектурата

**Компјутерски познавања:** Microsoft Office, ArchiCad, Architectural Desctop - AutoCad, Cinema 4D, Adobe Photoshop, ArtLantis, SketcUp и др.

**Странски јазици**: англиски и бугарски јазик.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Викторија Мангароска** е родена на 23 февруари 1982 г. во Скопје, каде што завршува основно и средно образование. Студира на Архитектонскиот факултет во Скопје, со просек на положените испити од 9,27, дипломира со особен успех на темата „Културен центар со медијатека" и се здобива со звање дипломиран инженер архитект. Стипендист е на Министерството за образование за талентирани студенти. Во 2007 година се запишува на постдипломски студии по просторно планирање на Природно-математички факултет во Скопје. Со одличен успех, со просек на студии 9,65 го завршува полагањето на предвидените испити со наставниот план на постдипломските студии. На 11 ноември 2010 година ја одбранува магистерската тема од областа на просторното планирање под наслов „Културниот туризам како фактор за просторен развој на Р. Македонија со посебен осврт на Скопје" и се стекнува со звањето магистер на географски науки.

На 31-та седница на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, одржана на 27 октомври 2011 година, донесе Одлука за прифаќање на Извештајот за подобноста на пријавената тема и способноста на кандидатката м-р Викторија Мангароска**,** дипл. инж. архитект и се одобрува изработка на докторската дисертација под работен наслов „*Виртуелно моделирање на просторната и програмската организација на објектите од културата во Скопје*".

***Работно искуство***

Во перодот од 2006 до 2011 година работи на Европски универзитет, Република Македонија, како асистент на предметите: Компјутерска графика, Компјутерски алатки, САО и геометриско цртање, Елементи и основи на проектирање, Дизајн проект на ентериер и Проектирање на ентериер.

***Трудови и публикации***

**Кандидатката** во биографијата има наведено повеќе трудови. Автор е на неколку домашни и меѓународни трудови, како и на повеќе конкурсни трудови за кои нема доставено соодветен доказ.

***Награди и признанија***

Кандидатката В. Мангароска е добитник на награди и признанија за:

1. Награда за највисок успех во четвртата година на студирање на Архитектонски факултет – Скопје. декември 2005, Скопје.
2. Наградата „26 јули – Франк Манинг", октомври 2005, Скопје.

Кандидатот има доставено потврда за познавање на германски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатката м-р Александра Димоска ги исполнува сите законски критериуми за избор на асистент за научната област *архитектура, урбанизам и планирање* на Факултетот за природни и технички науки во Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, **кандидатката м-р Александра Димоска да се избере во звање *асистент* за научната област *архитектура, урбанизам и планирање* на Факултетот за природни и технички науки во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Васка Сандева, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Горан Мијоски, доцент, член, с.р.**
**Д-р Катерина Деспот, доцент, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Александра Димоска, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно- научни, наставни стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** (НО) | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во изборниот период) | 16x3 | 0.5 | 24 |
| Интерна скрипта од вежби | 2 | 2 | 4 |
| **Научноистражувачка дејност** (НИ) и стручно-уметни**чки активности (СУ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во земјата: Александра Димоска, Ана Митаноска, Васка Сандев - Концепт за проектирањена енергоефективен индивидуален станбен објект по принципите на пасивна архитектура, Природниресурси и технологии, ФПТН - Годишен зборник. | 1 | 1 | 1 |
| Васка Сандева, Катерина Деспот, **Александра Димоска**, Ана Митаноска, Анализа на композицијата и декоративна монументална скулптура во паркот „Могила" – Прилеп; Годишен зборник на ФПТН | 1 | 1 | 1 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во странство: V.Sandeva, K.Despot, **A.Dimoska**, A.Mitanoska -Profesion od landscape architects – situation in the Republic of Macedonia and some neighboring countries - XXII International Conference for Young Researchers | 1 | 2 | 2 |
| **Aleksandra Dimoska**, Ana Mitanoska, Vaska Sandeva, Katerina Despot, Trajce Mitev - Integration of architectural design in the landscape, XXI International Conference for Young Researchers | 1 | 2 | 2 |
| **Aleksandra Dimoska**, Ana Mitanoska, Vaska Sandeva, Katerina Despot, Trajce Mitev - Constructive and shape – forming specifications on macedonian traditional architecture, XX International Conference for Young Researchers | 1 | 2 | 2 |
| A.Mitanoska, **A.Dimoska**, V.Sandeva, K.Despot Evaluation and improvement on bicycle – friendly envioronment in the urban city center in a developed country ( the case of Sapporo, Japan), XXII International Conference for Young Researchers | 1 | 2 | 2 |
| Katerina Despot, Vaska Sandeva, **Aleksandra Dimoska**, Ana Mitanoska, Ivica Anastasov Artistic perception angle between unpaid domestic sanitary landfills children, XXII International Conference for Young Researchers | 1 | 2 | 2 |
| Труд во стручно - научно популарно списание: Ass. Dr. Trajce Mitev, Prof. dr. Orce Spasovski, Ass.mr Ana Mitanoska, **Ass. Mr Aleksandra Dimoska -** The future- oriented solution designed for decentralized wasetwather treatment and reuse Machines,Technologies, Materrials, International Virtual Jornal, Year VI, issue 3 | 1 | 2 | 2 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОП)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | 4 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО +НИ +САОП)** | | | **58** |